30476

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ЕКРАН
Скопје
1 JULI 1983 659, 35,

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

# ДОКУМЕНТИ НА НОВАТА СТВАРНОСТ

***Кон поставката „Енформелот во современото шпанско сликарство" во Музејот за современа уметност во Скопје, мај-јуни-јули 1983***

Годините по Втората светска војна донесоа во неколку ликовно-културни метрополи, првенство во Париз и во Њујорк некои нови тези за филозофијата и за суштината на уметноста воопшто, а во сликарството нешто што немаше речиси никакви врски со она непосредно претходно творештво. Значи, по катаклизмичкиот биланс на најголемиот светски судир во историјата, под директен свеж впечаток на разурувањата и уништувањата, и духот и сликарството (со самото тоа) бараа начини за својот нов говор, свои „нови стварности". Уметноста во тој контекст и во таквите манифести нема да ја одразува природата дури ни со сензација на асоцијациите, туку својата смисла ќе ја бара во самата себе. Конкретно, во сликарството во прв план доаѓа чинот на сликањето, самата акција или интервенција „лишена од секаква правилност и од секаков традиционален композиционен канон", како што запишаа историчарите. Врз база на експериментите на Кандински и Малевич, врз автоматскиот диктат на потсвеста на предвоените надреалисти, настанаа дела што ја истражуваа материјата од која настанале, нејзината сопствена драматичност, користејќи традиционален сликарски материјал, а во пластичната уметност воведувајќи нови, современи материјали.

Шпанскиот енформел, ненадејно експлодира 1956. година, на Биеналето во Венеција и, покрај изненадувањето, мошне брзо стана најсилна линија на модерната уметност. Имено, таа година во павилјонот на Франкова Шпанија беа изложени дела на Тапиес, Куишарт, Миларес, Саура и други, дела со огнена лирска апстракција, со неверојатна драматика и анализа на материјалот, со силна филозофска универзалност и со актуелни пораки.

И, да не должиме повеќе, кога ќе се споменат модерната уметност и експресионизмот — се мисли на Германија, импресионизмот на Франција, ташизмот — Америка, додека Шпанија е синоним за енформелот и тука нема полемика. Поради тоа средбата со таа уметност во Музејот на современата уметност претставува исклучителен настан. Тоа треба да се почитува!

**Оценка:** + + +

**Ладислав Баришиќ**